**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

**Бр.** 03-168/1
14.02.2019 **година, Скопје**

**Од:**
Претседател на Централна изборна комисија на СКМ
Д-р Ненад Цветановски
**До:**
Д-р Дафина Богеска, делегат во Собрание на СКМ и претседател на РО Прилеп, Крушево и Македонски Брод

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

Во врска со јавно објавениот текст на социјална мрежа од колешката д-р. Дафина Богеска, во делот за работата на Централната изборна комисија, во којшто се вели дека се наметнувале "дополнителни избори за делегати, дури и таму каде што имало луѓе на листата кои биле гласани и имаат гласови на последните одржани избори", имам обврска и чувство за итна реакција. Како претседател на Централната изборна комисија на СКМ, сметам дека колешката најверојатно "не била добро информирана!?" за случувањата во регионот, каде е претседател, со што изнела невистини. Сакам да потенцирам дека по добиен допис за поднесена оставка од д-р Катерина Таламџијоска (арх.бр 03-1151/1од 04.02.2019)од местото член на РО Прилеп, Крушево и Македонски Брод, ЦИК постапи согласно "Правилникот за избор и отповикување на членови во регионални одбори, делегати во Собрание и претседател на СКМ", Статут и другите акти на Комората. Всушност, Централната изборна комисија спроведе процедура за избор на испразнето место за член во регионот по што од РО Прилеп, Крушево и Македонски Брод на 11.02.2019 година пристигна допис за одржан собир на доктори (арх.бр.15-144/1) со уредна документација (записник од собир во регионот, листа за присуство, изјави за прифаќање на кандидатури, CV-ја на оние кои ги прифаќаат кандидатурите, копии од важечки лиценци). Согласно актите на СКМ, по вака добиената документација и допис, ЦИК ќе може да спроведе и постапка за избор на дополнување на испразнетото место на член во регионот, а не за избор на делегат во Собрание на Комора.

Почитувани колеги, сакам да потенцирам дека изборот за членови во региони не се спроведува со идентична процедура како изборот на делегати во Собранието. Исто така, сакам да констатирам дека од записникот од одржаниот собир на доктори во којшто се наведени и предложените кандидати за дополнување на местото член во РО Прилеп, Крушево и Македонски Брод (имаку доставен од колешката која се огласила на јавните мрежи), адресиран до ЦИК, се гледа дека собирот се одржал на 08.02.2019 год., а реакцијата на д-р Дафина Богеска е четири дена подоцна, односно на 12.02.2019 год. Оттука, се поставува прашањето – Дали колешката не се согласува со она што е одлучено на собирот на доктори во нејзиниот регион?! Бидејќи, ако се земе предвид дека самата лично доставила записник од РО како претседател на тој регион, во којшто наведува дека се извршил собир на кој се одлучувало за листа за дополнување на член во регионот, нејзиниот коментар во врска со работењето на ЦИК секако не сметам дека треба да се земе како некаков лапсус, туку како тенденциозно однесување. Затоа, очекувам колешката дека треба убаво да размисли за своите постапки и за своето некоректно однесување кон своите колеги и да се извини за нанесените навреди на сите членови на ЦИК кои не заслужиле да ги читаат нејзините клевети.

Одговорно тврдам, од кога сум на функција претседател на ЦИК на СКМ, максимално се залагам да се работи исправно и согласно "Правилникот за избор и отповикување на членови во регионални одбори, делегати во Собрание и претседател на СКМ", Статут и другите акти на Комората.

Централната изборна комисија работи транспарентно и доколку некои од засегнатите има потреба за повеќе информации за седниците на ЦИК, секако дека стоиме на располагање. Лично сметам дека е подобро - пред некој нешто јавно да објави, добро да се информира, затоа што секое обвинување без каква и да е основа не е на штетата врз ЦИК, туку е штета за сите нас.

Скопје, 14.02.2019 година

Претседател на ЦИК НА СКМ
Д-р. Ненад Цветановски
Cvetanovski